Република Северна Македонија
ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ

Republika e Maqedonisë së Veriut
GJYKATA SUPREME E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
KRYETARI

Бул."Крсте Мисирков" бр.8, 1000 Скопје;
тел.02/3164-064; info@vsrm.mk

Bul.Krste Misirkov nr.8, 1000 Shkup;
tel. 02/3164-064; info@vsrm.mk

03Су Бр. 264/2020
18.03.2020г.
Скопје

**До**
**Друштво за аудио и видео продукција**
**360 степени ДОО Скопје**

**Предмет: Реакција и барање за објава на демант**

Во врска со објавен текст со наслов „Вонредна состојба во Врховен:Сестра на судијка заразена од коронавирус" на 18.03.2020 година на „www.360stepeni.mk", во услови на вонредна состојба во државата која се соочува со сериозна криза во најмала рака неодговорно е и неоправдано да се пласираат непроверени информации воопшто и за највисокиот суд во државата, особено кога се работи за информации од поширок јавен интерес бидејќи истото не доведува до вистинито, правилно и сестрано информирање на граѓаните.

Од тие причини заради одговорно и целосно информирање на јавноста, бидејќи во текстот се содржани одредени непотврдени информации кои создаваат забуна ВИ УКАЖУВАМЕ дека се работи за брачен пар - сестра и зет на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, но кои не се брачниот пар дојден од Бугарија истите не се дојдени од странство кои иако покажувале симптоми на настинка не биле тестирани за коронавирус и таков тест им е направен дури на 17.03.2020 година кога е констатирано дека се позитивни. Судијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија последен контакт со својата сестра имала на 06.03.2020 година, кога кај нив не постоеле симптоми на болеста. Со оглед дека од последниот контакт на судијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија до денес се изминати 12 дена и како истата нема никакви симптоми, сепак судијата до крајот на неделава ќе остане во самоизолација. Воедно, Ве известуваме дека судијата е во комуникација со Центарот за јавно здравје и одговорено и е дека нема потреба да биде подложена на тестирање.

Бараме овој демант да биде објавен и за тоа да бидеме известени, а се со цел почитување на правото на јавноста да биде адекватно информирана.

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВРХОВНИОТ СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**м-р Фаик Арслани**

Република Северна Македонија Врховен суд на Република Северна Македонија * СКОПЈЕ *